# Пилози кон борбата за одржливи градови

ACT 4 CITY

Мај 2017

# Прилози кон борбата за одржливи градови

Проект Act4City

**Мај, 2017**

**ВОВЕД - независни културни организации и одржливи градови на Балканот**

Со поддршка на Балканскиот фонд за уметност и култура (BAC), четири организации од цивилното општество од регионот – Expeditio од Котор; Министерство за простор од Белград, City Creative Network – од Скопје, и Арт работилница Лазарети од Дубровник – го реализираа проектот Act4City. Проектот имаше за цел да промовира одржливо управување со градовите и низ заеднички образовни, уметнички и залагачки активности ги поттикне и зајакне независните културни организации од регионот како истите би допринеле во заложбата за одржливи градови.

Во рамка на проектот, се организираа фокус-групи со претставници и претставнички од независната сцена на овие четири земји, потоа округли маси со различни заинтересирани страни и конечно конференција која на едно место собра поголем број различни граѓански иницијативи кои настојуваат да допринесат за подемократски, позелен, поодговорен развој на своите градови. Увидот во овие средби создаваат информациона основа и на овој текст.

Освен тоа, секој од партнерите спроведе една урбана интервенција во својот град. Во Дубровник, уметниците го истражуваа просторот во напуштениот дел од градот (Пустијерна), престојуваа таму и заедно со граѓаните и граѓанките ги прегледуваа градските планови за уредување на овој простор и пошироко за судбината на градот. Во Скопје студентите по архитектура креираа дисконтинутитет во доскорешното ткаење на градот и создадоа привремена театарска сцена на брегот од реката како простор за средби, истражувања, заеднички збиднувања и истражувања. Во Белград никнуваа инсталации, улични изложби и училишни табли, како ретки и неопходни простори за критика, несогласувања и заговарања за некои поинакви политики за урбан развој од оние кои во градот моментално се спроведуваат. Во Котор пак, граѓаните и граѓанките плетеа свои приказни за градот и ги повикуваа сограѓаните на искрена, но горка целовечерна изведба во која поставуваа бојни прашања за градот и за негова артикулација, кој секогаш спремно ги чека туристите, нема место ни шанса – од корупцијата на комуналната полиција, преку нелегални градби до повеќе од проблематичниот влез на крузерите во заливот.

Ваквата пракса не е баш вообичаена во проектите кои се стремат да се занимаваат со одржлив развој. Излети во природа, рециклажа, уредување на зелени површини, садење дрвја, приказ на грдите делови на градот, отстранување на смет... Акции кои грдото го претвараат во убаво, кои воспоставуваат ред среде хаосот, кои ги решаваат проблемите, тоа е вообичаен пристап. Оттаму, лесно е да се замислат серија на цинични прашања во поглед на активностите на овој проект. На кој начин трибините и изложбите на слики ќе ни ја спасат планетата? Наместо да се борат со големите загадувачи и оние грозни кеси, тие прават театарски претстави за тоа како не можат да спијат од буката која доаѓа од кафулињата! Не ни требаат уште проблеми, ниту постојано укажување на нив!, ќе се побуни некој.

Текстот кој се наоѓа пред вас, а кој го следи и воспоставува дијалогот со другите активности на проектот, е обид да се понуди одговор на прашањето заради кое е тесно поврзувањето на одржливиот развој со зачувувањето на природното опкружување или со технолошките изуми во доменот на енергетиката, сообраќајот или производството е проблематично заради што ни е потребен објектив со многу поширок агол за да го разбереме и трансформираме сегашните политики и правци на развој. Текстот воедно е и одговор на прашањето, какво е значењето на културните и уметничките организации и колективи во борбата за општество кое е поодржливо и поправедно.

По кратките методолошки и терминолошки разјаснувања во наредниот дел, текстот преоѓа во историја на идеи кои доведоа до концептот на одржлив развој и во повеќе наврати поставува некои незгодни прашања за самата агенда за „одржлив развој". Потоа, текстот ги обработува наративите и обрасците на мислења кои ги следат многуте разговори за одржлив развој, за да конечно, во последниот дел, текстот понуди препораки за различните актери кои во праксата заговараат одржлив развој.

**Одржлив развој - технологија наспроти Политика**

Проектите, програмите и фондовите кои допринесуваат за одржлив развој, студиите и книгите на тема одржлив развој, одржливите заедници, одржливата архитектура, одржливите градови – приказните за одржливост се насекаде околу нас. Во светот кој наводно се менува побргу од кога и да е – секако е интересно дека такво чувство постои веќе најмалку два века – одржливоста и зачувувањето делуваат како спасоносно решение кое не' спречува да слетаме во наводниот понор на утрешнината. Одржливоста во јавниот имагионариум се поставува наспрема пропаѓањето, исчезнувањето, загубата и потполното уништување од апокалиптичен тип. Да се каже за нешто дека е неодржливо, стана навреда, како што е да се биде одржлив да е јасен показател на мудроста, прогресивноста и проникливоста. Поединци, групи, организации, институции, влади па дури и цели држави и култури се позиционирани на скалилото на одржливоста која носи силен морализаторски тон. Оние кои разговараат, поддржуваат и финансираат одржливост, како тема најчесто се доживеани како одговорни, свртени кон иднината, свесни и секако, одржливи – трката кон одржливоста е отворена.

Истовремено, самата идеа за одржливоста е многу флуидна, контрадикторна и недоследна. Одржливоста на едниот, значи промена и исчезнување на другиот. Ако сакаме да одржиме природно опкружување, мораме да го смениме културното (да речеме културно управување со автомобил). Ако сакаме идните генерации да можат да уживаат во расположливите ресурси, сегашните мораат да престанат да уживаат во истите на начин кој наизглед им годи. Кога ја вклучуваме историјата, работите стануваат уште попроблематични. Зошто за одржливоста не разговаравме во деветнаесеттиот век кога Западот неодржливо се развиваше (иако и тогаш постоеја стравови), туку разговараме сега кога Истокот се развива на ист начин? Значи, одржливоста е многу спорен поим кој

многу тешко се дефинира. А секој поим кој истовремено е прилично неодреден и изразито моќен е опасно оружје во политичката арена. Во вака напнат, скоро епски контекст на употреба на идејата за одржливост, секој говор за одржливост мора да биде подложен на сомнеж.

Оттука, кога зборуваме за одржливост на градови, еколошки кризи и други сродни теми, постојат два поврзани агли на анализа кои е важно да се разликуваат од самиот почеток. Еден се однесува на наоди на еколози, биолози, урбанисти, хемичари и други научни кругови и активисти за состојбата во која се наоѓа некое опкружување. Важни прашања на даденото ниво се: На кој начин се менува нашето природно или градено опкружување?; Како би можел понатамошниот правец да изгледа како промена?; Кои се причините за тоа и кои се механизмите на промена?; а особено Колкаво е влијанието на човечките заедници на тие случувања, а со самото тоа и нивната одговорност? Конечно, ова ниво на анализа се занимава со мапирање на можните начини на поинаквото, попозитивното, влијание на опкружувањето во смисла на технологија на производство, градење, транспорт и заштита на животната средина. Првиот агол би можеле да го наречеме технологија на одржлив (урбан) развој.

За разлика од тој, другиот агол на анализа се занимава со општесвените, односно економските, политичките и културните причини и последици од таквите случувања во материјалното опкружување за кои сведочи првата група. На ова ниво, видот на прашања кое се поставуваат се следни: Какви економски, политички и други конфигурации овозможиле да се дојде до оваа ситуација? Како се менувале значењата на „природа“, „Човекот“, “градот“? Како промените во материјалното опкружување влијаат на промената на идеи за градот, правдата, моќта? Како е возможно да се започне процес на промени? Какви мерки треба да се преземат од страна на различни актери за да се реагира на промените во опкружувањето на соодветен начин? Вториот агол би можеле да го наречеме политика на одржлив развој.

Овие два агли на анализа се во блиска врска. Колку средства ќе бидат одвоени за истражувачки експедиции на Арктикот, колку студенти ќе бидат поддржани да студираат екологија, колку се вложува за истражување во публикации на еколошки истражувања и колку наоди од еколошките истражувања ќе бидат прифатени, поддржани и јавно комуницирани е во директна врска со рецепцијата на тие истражувања во општеството, односно реакцијата на нив. Еколошката криза започна многу пред политиката на екологија. Оџаците од индустриските постројки го загадуваат воздухот повеќе од два века, но студентите на универзитетите не можеле во докторатите да се занимаваат со нив во деветнаесеттиот век – оние кои се занимавале со нив (или бегале од нив)биле лудаци, а не ценети членови на научната заедница. Од друга страна, идејата за природата и општеството се формирала со милениуми пред некој да забележи дека човекот лошо влијае на природното опкружување и била потребна промена не само во природното опкружување и технологија на производство за тоа да се забележи, туку и во начинот на размислување за

природата и општеството. Заради тоа, овие два агла на анализа се нераздвоиви. Меѓутоа, повеќето публикации за одржлив град и развој се занимаваат со прашањата под прав агол на доменот. Останатиот се занемарува од сосема очигледна причина. Она што се гледа од другиот агол е најпрвин етичката одговорност од различни позиции за доведување во одредена состојба како и одговорност за започнување на промени.

Во овој текст, пред се ќе се занимаваме со второт агол. Зошто е важен овој поглед за актерите од полето на независната култура кои настојуваат да ги иницираат промените во своите градови? За разлика од техничко-експертските решенија во доменот на транспорт, економија, градежништво или урбанизам, уметноста и културата носат еден поинаков потенцијал на придонес во изградбата на градовите.

Меѓутоа, тој потенција во последните неколку децении се чини не е доволно применуван. Дотолку повеќе, начинот на кој кутурата и уметноста се занимава со одржлив развој во последните децении е многу проблематичен. Една од првите реакции на актерите на полето на културата на идеата одржлив развој беше страв од недостатоци во јавните политики. Во трите столба на одржливиот развој (еколошки, економски и социјален) ја немаше културата. Целото внимание е насочено кон тоа културата и уметноста да се некако „заглават“ во темелите и со години е заговарана идеата за „четврт столб“ на одржлив развој. Наместо критики на овие политики, кои како што ќе видиме биле многу проблематични, културниот сектор се понуди себеси како поддршка доколку му се посвети малку внимание. Откако заглавувањето во концептот на одржлив развој успеало, следел бран од проекти во кои културните и уметничките организации допринесуваат во разубавување на градовите, и ги смалуваат тензиите таму каде има естетски приемчиви и забавни содржини. Уште еднаш културата и уметноста воглавно се сместија во скутот на моменталниот политички мејнстрим.

Меѓутоа, како што е спомнато во воведот, уметноста и културата имаат потенцијал да придонесат на различни инспиративни начини, размислуваат не само за градовите туку и за животот како таков. Тоа го покажуваат многу сегменти на еколошката уметност. Многу музеи, театри и културни центри создаваат простор за средби, сочувство и критика. Денес, тој пристап нам ни е потребен. Тоа е почетна и завршна точка на овој текст.

Во наредните страници ќе се занимаваме најпрвин со критичка историја на одржливиот развој и одржливиот град, како би покажале некои механизми на преспојување и манипулација со идеи и наративи за одржлив развој, со цел одржување на *status quo*. Потоа ќе укажеме на некои препораки кои ги поткопуваат проектите на трансформација. Конечо ќе понудиме низа препораки за различни актери кои сакаат да допринесат за темелните промени во своите градови.

**Кратка историја на политиките за одржлив развој**

„Пироманот сега се обидува да го изгаси пожарот кој го подметнал и да се прогласи за спасител“.[1]

Политиките за одржлив развој се содале во осумдесетите години, во специфично и по многу работи во одлучувачки момент на меѓите на економските, еколошките, општествените и политичките преговарања и борбите кои траеле неколку децении station наназад, па и векови. Сепак, дискурсот „одржлив развој“ е нормализиран многу брзо. Денес тој звучи истовремено футуристички и исконски – како да требаше цивилизациски да напредуваме доволно за да така едноставна, природна работа можеме да ја разбереме. Сосема е нормално денес да се мисли дека развојот треба да биде одржлив, а уште понормално е одржливоста и било каков проток на време да подразбира и развој. Слично на тоа, прочуениот триптих на одржливиот развој – економскиот раст, зачувувањето на животната средина и социјалната правда- делуваат сосема природно. Оттаму е необично воопшто да се размислува за настанокот на одржливиот развој како поим и како политика.

Сепак, за да го разбереме, или уште повеќе, за да бидеме во состојба да го прифатиме и отфрламе значењето, пораката, врските и препораките кои ги нуди, со други зборови како критички би го примениле, неопходно е да разбереме како и зошто е настанат, што заменил, што со себе донел и однел и кои се политичките и општествените последици за сложување или несложување со него. Во овој дел ќе предложиме неколку значајни слики од историјата, пред се Западни мисли и истории, кои се корисни за процесот на неговата деконструкција и задача на разбирање. Тие слики ќе опфатат некои клучни моменти во развојот на еколошките, економските и социјално-културните политики кои во моментот на настанување на политиките на одржлив развој се обединети. Со оглед на тоа што одржливиот развој во популарната имагинација се врзува најчесто за екологијата, таа врска ќе ни биде појдовна точка.

**Еколошкото движење, како самосвесна, организирана, општествено-политичка борба, започнало многу пред иконските хипици и гринпис активисти.**

Всушност, ова во голем дел го поврзуваме со еколошките движења во втората половина на дваесеттиот век, настанало еден век порано. Иницијативите за одење во природа подалеку од градовите; комуни во шумите кои настојуваат да живеат во „склад со природата“; уметници кои отсликуваат еколошки катастрофи; научници кои калкулираат и проектираат крај; апели и борби за зачувување на природата... Меѓутоа, позицијата на еколошките борби во однос на другите политички борби, движења и приоритети се менувала. За да разбереме како и зошто настанал проект кој за прв пат го проблематизирал

[1] Непознат автор/ка цитиран во: Luković, S, Spašavaju Kotor, оние кои го уништувале, Вести. Достапно на: http://www.vijesti.me/vijesti/spasavaju-kotor-oni-koji-su-ga-unistavali-923166

односот на човекот кон природата, најнапред во најгруби црти ќе го скицираме деветнаесетвековниот контекст во кој самиот настанал.

Како прво, библиските идеи и христијанската религија, иако разнишани со се’ посилната наука и со рационалните и модерни проекти, сеуште силно го обликува доминирачкиот однос на Западниот човек кон природата како кон субјект на човековото господарење (што покасно станала основа за идејата на природата како ресурс) и кон неверниците како кон лиѓе од понизок ред (што лесно можело да ги оправда мисионерските и колонијални злосторства во име на религијата ширум светот). Како второ, просветителството дополнително го продлабочува јазот помеѓу човекот како суштество на разумот и природата и го слави инструменталниот разум кој е ориентиран кон прогрес, производство, експлоатација на природата и управување. Четврто, капитализмот го доживува својот процвет после победата на буржиоазијата во низа револуции, која по внатришната консолидација и експлозија на индустриски развој, трага по ресурси надвор од сопствените територии. Империјализмот и колонијализмот добиваат нов претприемачки погон кој ги праќа подалеку и подлабоко во секој сегмент од планетата. Конечно, национализмот овозможува обединување на различните групи околу големите национални митови и создавање силни модерни држави.

Во ваков контекст, се јавуваат низа различни побуни. Како прво, романтичарските културни проекти од крајот на осумнаесетиот и почетокот на девенаесетиот век, кои одбележаа многу европски простори, го доведуваат во прашање просветителскиот проект и рационалност кој се наоѓа во основата на индустриската револуција.. Романтичарските создавачи, филозофи и мислители трагајќи по начините за светот да се мисли вон рационалните, научните, просветителските аршини ја пронаоѓаат природата како извор на убавина, морал и мудрост[2]. Во потрага за излез од маѓепсаниот круг на империјализмот, индустријализмот и урбанизмот, тие по оддалечените пространства и по споредни патишта пронаоѓаат „органски заедници“, традиционални мудрости, поезија уметност и начини на живеење кој им се чини поискрен, смислен и исполнет со живот, па ги бележат, толкуваат, собираат и промовираат.

Како второ, слојот осиромашени селани и работници набргу по револуциите во кои учествувале не добива праведен дел „еднаквост, слобода и братство“ и бара за себе подобра позиција. Комунизмот како најсилно движење кое ги застапува интересите на сиромашните слоеви кои се најдоа на мета на индустриската експлоатација укажува на темелните проблеми и контрадикторности на капитализмот и претставува силен непријател на владејачката елита токму заради тоа што во прв план од својата борба ја поставува економската нееднаквост.

[2] На пример Grim популарната, народна поезија ја нарекува Naturpoesie. Виду повеќе во Peter Burke: Popular Culture in early Modern Europe. Harper Torchbooks, 1978.

**Како трето, биолошката теорија на еволуцијата ја доведе во прашање предходно врежаната, стриктна поделба на човекот и природата**, која своето втемелување го има пред се во Библијата. За разлика од идејата дека растенијата и животните се создадени за да му служат на човекот чиј господар е тој, теоријата на еволуцијата сугерира дека луѓето се дел од единствениот ланец на создавање, па како такви се неразделни со природата. Како што пишува еден од родоначалниците на екологијата, Ернест Хекел (кој воедно и го создал поимот екологија): „човекот не е над природата, туку во природата“.[3] Блискоста на човекот со природата истовремено значи и дека односот кон природата како ресурс-чија единствена смисла е да му служи на човекот е – проблематичен, “неприроден“ и погрешен.

Конечно, во политичкиот простор се слушаат и гласови на останатите „другите“ кои исто така не се вклопуваат во сликата на светот и човекот од тоа време. Феминистичкото движење се бори жените да бидат прифатени во јавниот простор како рамноправни човечки суштества. Анти-империјалистичките движењеа се борат за слобода на не-европските народи и култури, а против расната наука (Еугеника), робовладетелството, неправдите со меѓународна трговија и колонијалните власти.

Иако помеѓу овие движења постои голема разлика, она што ги спојува најпрвин се заедничките непријатели – капитализмот, патријархатот, индустријализмот. Од друга страна, заеднички се и инспирацијата и визијата за кои се трага во недопрената природа, на одалечените континенти и острови, во селата, во длабочините на морињата, во источната уметност, религијата и филозофијата, во прашумите, но и во сопствената традиција – што подалеку во историјата и географијата, тоа подобро. Многу од овие патокази не се промениле до денешен ден.

Како што ќе видиме во продолжението, овие позиции и опозиции се живи и денска и претставуваат темели и референтни точки на кои се враќаат и заговорниците и противниците на одржливиот развој. Меѓутоа, она што се менува е силата и позицијата на таквите гласови, од една страна, и одговорот на нив од друга. Се до меѓувоениот период, они кои се грижеа за еколошките прашања се наоѓаат на маргините на општествениот живот. Социолозите по екологија[4] сметаат дека за настанокот на еколошко движење е потребно да постојат низ предуслови. Најнапред, треба да постои значително општествено незадоволство од состојбата во која заедницата и опкружувањето се наоѓа, со други зборови доволен број на луѓе да бидат свесни дека проблем со природното опкружување постои. Потоа, дека во таа заедница постојат и оние кои сметаат дека проблемот може да се реши и сакаат да преземат нешто во однос на тоа прашање, како и дека располагаат со ресурси за влез во таква борба (социјални и економски ресурси, знаење и друго). Конечно, ситуацијата

---

[3] Ernst Haeckel: The evolution of Man (str. 456), Vol. 2. Apelton, New York, 1903.

[4] За поширока расправа види: Jelisaveta S. Vukelić: Можности за настанување и развој на еколошкото движење во Србија во контекст на постцоцијалистичка трансформација, докторска дисертација, Филозофски факултат, Белград, 2014г.

во општествено-политичкото опкружување би требало да создава уверување за возможниста за позитивен исход од таквото делување. Овде на сцената стапуваат и други политики и струи од јавниот живот кои прават некоја политичка мерка да е помалку или повеќе возможна.

**Првата значајна политичка струја која вклопи многу еколошки принципи и идеи во темелите на својата идеологија е Национал социализмот**[5]. Секако, овде не се работи само за еколошка политика. За да се случи покачување на фашизмот и нацизмот неопходно е да се разберат и други политики. Како прво и најчесто споменувано, е полето на културата. Поврзувајќи ја биологијата како научна дисциплина, индустриализмот и државниот капитализам, радикалниот национализам и многу идеи од романтичарското движење, нацизмот го направи незамисливото. Сепак, за прв пат такво нешто да е направено, а како што ќе видиме, не е ни последен.

Колку и да се подлабоки причините за создавање на овие радикално тоталитарни режими, нивната еколошка димензија претставува насловно поглавје на историјата на еколошката политика. Иако тоа најчесто се зема како црна точка во светлината на приказната, ова е далеку од осамен пример. Иако постои врежано мислење дека еколошкиот став е следен од други прогресивни идеи, бројни се примерите на еколошки уверувања од десницата ширум светот се важна опомена дека многу еколошки аргументи можат да се користат за исклучиви, ксенофобични, манипулативни политички мерки. Истовремено, врските на десницата и еколошките движења ја слабеат позицијата на еколозите и еколошките активисти ширум светот на кои се замерува од страна на либералната позиција дека со водење на сметка за природата се маскираат нарушувањата на човековите права и слободи (што во некои случаи за жал е точно).

**По II Светска војна, на преговарачките маси поважни се прашањата за повоена изградба на индустриски разрушените градови, растот и обновувањето на популацијата, економскиот развој и одржувањето на колонијалниот поредок**. Во овој период всушност се одигрува најекспанзивната урбанизација и раст на индустриското производство. Златно време на благосостојба на државата истовремено е и време во кое цветаат идеи за непрегледни предградија, градови засновани на автомобили, конзумерски соништа на среднокласниот живот на изобилие кое вклучува загушување на природниот амбиент заради уживање и развој на туризмот, но и на колонијализмот. Токму во овој период потрошувачката на сите енергенси во земјите ширум светот бележи огромен пораст. На политички план се заострува ладната војна, се развиваат технологии на војување, освојување на космосот и течат борбите за што подолго задржување на Западното влијание во

[5] Бројни мисли на националистичките водичи го покажуваат ова тврдење: „Човекот не смее да падне во замка на мислењето дека било кога му е преодредено да биде господар на Природата“ Hitler u Mein Kampf , поглавје, 10; «Длабокото чувство за природата се наоѓа во основите на секоја култура“ Goering Blatter fur Naturschutz (стр. 18), 1935.

некогашните колонии кои во овој период на „благосостојба" водат крвави војни за својата слобода.

Како резултат на контрадикции од предходните години, расте отпорот на новите генерации кон таквата идеа за благосотојба. **Со шеесетосмашките и натуралистичките движења ширум светот, екологијата, социјализмот и анти-модернизмот се враќаат на политичката сцена.** За екологијата се размислува не само како однос кон природното опкружување, туку и од еколошка перспектива која подразбира однос со другите, го разработува колонијализмот, патријархатот, комунизмот, капитализмот и севкупниот модерен проект.

Во текот на шеесетите и седумдесетите, ширум Западниот свет, се отвараат министерства за екологија и животна околина. Прашањето на екологијата станува едно од најистакнатите политички прашања, но во тој момент, консензус околу еколошките прашања не постои. Во спектарот на еколошките политики, на едната страна се наоѓаат радикалните гласови кои поаѓаат од предпоставката дека за еколошка промена е неопходна темелна економска и социјална трансформација која мора да ги опфати повеќето ако не и сите институции на моменталната цивилизација - идеја на држава, технологија и пазар. Еден од основните воочувања на ваквата позиција е дека со употребата на истите алатки не можеме да создадеме поинакви резултати. Модерниот проект кој ја слави науката, технологијата, индустриското производство, рационалноста, индивидуализмот и компетитивноста, кој предпоставува јасна поделба на култура и природа, не е дораснат на задачата на трансформација на човечката цивилизација кон еколошки поодговорна заедница, сметаат овие позиции. На другата страна од спектарот се наоѓаат оние кои сметаат дека постоечките институции можат да понудат одговор на перспективната еколошка криза. Тие нудат решенија во вид на бариера за производството, воведување на филтри и ограничувања за загадувачите и поттикнувачки мерки за заштита и експанзија на природни ресурси. Иако разликите во овие позиции се значителни, на сите заговорници на скоро комплетниот спектар на еколошките политики јасно им е дека промена на односите кон опкружувањето мора да вклучи смалување на економскиот раст. Конференцијата во Стокхолм од 1972 , најмногу се занимава со *лимитите* на економскиот раст.

Во доменот на социјалните политики, децении по Втората светска војна, исто така е јасно дека економскиот раст мора да биде контролиран од страна на државата како би бил во склад со другите општествени приоритети. Уште од меѓувоениот период, на политичарите им е јасно дека државата не смее да ја препушти распределбата на богатството на крупните компании и берзи. Иако се неолиберални, економските политики во форма на неоколонијализам наметнувани на многу бивши колонии и земји „во развој" во текот на шеесетите и седумдесетите, државната благосостојба има голем број на заговорници „од дома" и тешко е прек да се разгради преку ноќ. Сепак, клучните финансиери на државната благосотојба - крупните индустрии и бизниси – никогаш не биле поддржувачи на идејата за голема држава која може да осигура социјални, здравствени, културни и образовни придобивки за граѓаните. Со децении

големите корпорации соработуваа со државата во рамки на проекти за екстракција на профитот од соседите, идеалните земји и колониите. Меѓутоа, многу колонии се изгубени, а новосоздадените држави воведуваат заштита за своите стопанства во облик на даноци и царини за меѓународните компании. Како одговор на тоа, големите компании почнуваат дополнително да се окрупнуваат преку спојување и откупи, прават глобални картели, наоѓаат даночни склоништа во вид на мали клиентелистички држави и преку наднационалниот простор вршат притисок на своите влади да ги смалат даноците, да ги укинат таксите и се борат за укинување на царината и другите регулативи во меѓународната трговија. Истовремено се води идеолошка војна против самата идеја за држава и јавно добро, се укажува на неефикасностите на големата држава и наводно гушење на слободата на пазарот и така се создава простор за создавање нова политика.

**Доаѓањето на Роналд Реган и Маргарет Тачер на власт во САД и Велика Британија во осумдесетите, значеше триумф на политиките кои им одеа на рака на мегакорпорациите**. Со нив се менува политичката клима и *мејнстримот* на светската политика се свртува експлицитно кон неолиберализмот. Во основата на неолиберализмот се наоѓа пред се дерегулацијата на меѓународната трговија со стока и капитал, приватизацијата, смалувањето на социјалната држава со достапно образование, здравство, култура и сместување и препуштање на овие области на пазатот односно на најмоќните играчи во него. Со други зборови, со отстранување на сите можни ограничувања за раст на профитот. Меѓутоа, во моментот кога се воведуваат, овие политики имаат голем број на противници на глобално ниво, пред се во Европа во која постои силна традиција на социјалната држава и Латинска Америка која  служеше како зона за тестирање на неолибералните политики.

Гледајќи ја во целост глобалната политика, политиката на одржлив развој претставува пред се’ обид да се смират антагонистичките социјални и еколошки политики со цел смирување на општественото незадоволство. Како најголема критика за неолиберализмот доаѓа на сметка на социјалната правда и нееднаквоста, неоколонијализмот и односот кон природното опкружување, задачата била да се пронајде начин, тие да се осмислат на начини кои не го поткопуваат непречениот економски раст. Набрзо целиот политички спектар се хегемонизира и одржливиот развој како една од многуте верзии на еколошки, социјални и економски политики почнува да доминира. (10) Оваа верзија раскинува со дотогашниот негативен однос кон профитот кој не само што се вклучува во идејата на одржливост, туку во идејата на одржливост го завзема главноро место. Во рамки на неолибералните политики, прашањето не е на кој начин да се осмисли економското уредување кое ќе го овозможи општествена еднаквост и еколошка одржливост, туку како да се осмисли целокупниот систем во кој економскиот раст и профитабилноста нема да бидат прашање. Токму ова фиксирање на пофитирањето како клучна предпоставка на системот ја сочинува сржта на концептот за одржлив развој.

Најречитиот документ на оваа политика "Нашата заеднича иднина" е објавен 1987 од страна на таканаречената Bruntland Комисија.[6] Тој сосебе ја носи често цитираната дефиниција дека одржливиот развој е оној развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без загрозување на идните генерации да ги задоволат своите потреби. Меѓутоа, она што е многу поважно е контекстот во кој се создава и некои од клучните механизми на мислење кое го пропагира. Најголемиот допринос е тој што прави место за економски раст внатре во концептот на екологија и грижите за опкружувањето, односно тоа што настојува да ги цементира општествените структури. Според извештајот, прашањето на еколошки кризи е прашање на растечките потреби на растечкото глобално население. Не се зборува за оправданоста ан тие потреби и за механизмите на конзумерското општество и капиталистичкото производство кои ги произведуваат тие потреби. Прашањето на сиромаштијата е пред се' прашање на претераниот раст на популацијата и недостаток на технологии кои ќе произведат доволно за сите. Ова не се доведува во врска со неправедната распределба на ресурси на глобално и национално ниво кои се последица на различни видови експлоатација вклучувајќи и колонијализам.

Извештајот со самиот наслов сугерира „пост-идеолошки" простор во кој не постојат идеолошки разлики (кои не се спомнуваат) и се сугерира заедништво и хомогеност на сите жители на планетата и колективна одговорност и позицијата на сите кои ја делат „нашата заедничка иднина". Не се спомнуваат исто така несогласувањата, разликите и нееднаквите односи на моќ во општеството. Конечно, она што се исклучува од сликата се сите клучни барања кои ги карактеризираат разните спротивставени движења уште од деветнаесетиот век, а кои вклучуват воспоставување на самите темели на западните, индустриски општества, веќе се предлага подобро стопанисување и управување со постоечките ресурси и развој на нови технологии кои треба да обезбедат над се , како што пишува и во документот „нова ера на економски раст".[7]

За темата со која овде се занимаваме, клучната порака на овој извештај, но и на целиот концепт на одржлив развој е општествените односи да не мора да се менуваат - прашањето на одржлив развој не е прашање на општествено уредување, туку прашање на метода и начин на предупредување од еколошки, економски и социјални кризи. Клучната претпоставка е дека модерниот проект ќе не извлече од проблемите во кои не' вовлече. Тоа е она што во литературата често се нарекува "еколошки менаџеријализам", (environmental managerialism), кој подразбира дека доносителите на одлуки усвојуваат мерки на заштита на опкружувањето дозволени да можат да ја отфрлат критиката дека не работат ништо, но само во онаа мерка со која нема да го загрозат економскиот раст и ја променат позицијата на моќта.[8]

---

[6] Brundtland, G. H., & Khalid, M.: Our common future. New York, World Commission on Environment and development, 1987.

[7] Исто

[8] Timothy Luke: Eco-managerialism: environmental studies as a power/knowledge formation. In Living with nature: Environmental politics as cultural discourse (str. 103-120), 1999.

**Во текот на деведесетите, сите големи непријатели на капитализмот се загушени или самите се загушија.** Комунистичките земји на истокот на Европа и во Азија се свруваат кон транзиционен процес и усвојуваат капиталистички институции. Во јавното мислење, капитализмот успева да се поистовети со демократијата, пазарот со слобода, а јака држава со корупција и неефикасност, комунизам со изолација и контрола. Во пишувањата на промотерите на овие политики, светот влегува во постидеолошка фаза. Се доживува "крај на историјата", кој би значел крај на судирите. Се проектира свет на рамнотежа и глобална идила на одржлив развој.

На сцена стапуваат неколку нови политики во кои креативноста, оптимизмот и предприемаштвото играат клучна улога. Во доменот на технологии, владее техноеуфорија од незапамтени раззмери. Новите медиуми како гаранти на слободата на изразување, интернет и телекомуникации како можност за глобална интеграција, биотехнологија и киборзи како сегменти на новиот, подобар човек неоптеретен од биолошките препреки – се ова ветува светла иднина за човештвото кое, сега неоптеретено од идеолошките судири, може да заплови кон фаза на мир и стабилност. Проблемот на еколошкото загадување е само проблем на недоволно ефикасно производство.

Концептот на креативни индустрии со себе носи ветување дека економијата и уметноста се сродни души, и дека доколку подобро се поврзат можат да станат креативни, а уметноста профитабилна. На новата самодоверба на многу западни влади укажува и трендот на мерење, следење и поттикнување на среќа која преку ноќ од сферата на приватното преоѓа во јавен феномен. Технооптимизмот и креативноста го опфаќаат и доменот на екологијата. Доминира уверувањето дека еколошките проблеми не само дека не се пречка на економскиот раст, туку можат да бидат нов замаец на раст и развој. Новата креативност која е потребна за да би се произвеле зелени технологии (електрични и хидро автомобили и јавен превоз, паметни и штедливи куќи, соларна енергија и енергија од ветер и друго) и да би станале достапни и дистрибутивни како би ја направиле економијата уште по компетитивна, за да ја зголемат продуктивноста.

**Во овој период, градот се издвојува како терен за политиките на одржлив развој**. Две причини се издвојуваат како клучни. Со растот на популацијата, индустријализацијата и урбанизацијата на глобалниот Југ, градовите стануваат места кои истовремено произведуваат највеќе загадување за целата планета и стануваат најнездрави места за живот. По самитот во Рио, 1992, градот е претставен како клучно поле на борба за одржливиот развој, а Агендата 21 е усвоена во стотици градови ширум платетата.[9] Така е создадена идејата за одржлив град, а во нејзините темели се наоѓаат сите клучни елементи на неолибералната политика: намалување на градската бирократија, приватно-јавни партнерства, поттикнување на предприемаштвото и инвестициите,

---

9 Види повеќе во: Brand, P. and Thomas, M.: Urban environmentalism: global change and the mediation of local conflict, Routledge, 2013.

менаџеризација на локалните политики и индивидуализација на одговорностите на креативни, активни, граѓани претприемачи и мали бизниси.

Општимистичката слика која е створена и проектирана во деведесетите не се одржа долго во стварност. **Светот не се вклопува во сликите со кои сакаат да го објаснат**. Во градовите, повеќе од било каде, стана јасно дека економскиот раст во пракса значи создавање на општествени нееднаквости и понатамошно уништување на животната околина. Глобалното затоплување продолжи со уште побрзо темпо, а зададените квоти за произведено загадување не беа ни одблизу исполнети.[10] Колонизацијата на природата продолжува како и угнетувањето на другите. Терористичките напади од 11 септември, „војните против тероризмот" на Блискиот Исток, „Арапската пролет", војната во Украина – на сите им е заедничко дека се создаваат на тлото на повеќевековен колонијален однос кон "помалку развиените" заедници. Конечно, финансискиот крах од 2008 и пропратната рецесија покажаа дека неконтролираниот економски раст не е добар  ни за економскиот раст. Сите овие глобални случувања последните две децении истовремено покажаа неодржливост "на одржливиот развој" и неолибералните урбани, еколошки, социјални и други политики и дополнително ја потврди политичката слабост на сите алтернативи. Наместо тоа, целокупниот политички спектар е согласен во поглед на неупитноста на значењето на економскиот раст, експлораторскиот однос кон природата, колонизаторскиот однос кон другите народи, слободата на пазарот, зачувување на економските слободи кои во пракса значат понатамошно раслојување, смалување на државата и други премиси на неолиберален капитализам.

Сепак, криза по криза ги принудува центрите на одлучување и моќ да изнаоѓаат нови начини на самоодржување. Нивниот одговор е менаџмент на кризата, односно управување со општество на ризици.[11] Од една страна често се проектираат непријатели од кои треба да се плашиме – над сите, природата и останатите несакани. Од друга страна, одбраната од „нив" треба да не обедини „нас", а истовремено да ги занемари сите битни разлики помеѓу нас, како што е на пример општествената и економската нееднаквост. Овој маневар, го турка глобалниот политички простор во вонредна состојба што има за цел да оневозможи било какво смислено разгледување на алтернативи и да го оправда нивното загушување. Она што се создава, многу теоретичари го нарекуваат "пост-политички" простор – простор во кој се гушат сите гласови кои се противат, за да би можело се' да продолжи по старо.

Пораката на оваа кратка историја за сите оние кои се борат за порамноправни, поодговорни и поздрави градови е секое решение во доменот на технологијата и менаџментот од некој аспект на функционирање на градовите и општествата да можат да станат инструмент за цементирање на општествениот поредок и

[10] IPCC: Fifth Assessment Report - Impacts, Adaptation and Vulnerability, Intergovernmental panel on climate change, 2014. Достапно на: http://www.ipcc.ch/report/ar5/wg2/

[11] Види: Ulrih Bek: Rizično društvo, Beograd, Filip Višnjić, 2001.

оневозможување на промените на подолг рок доколку не се земе во обзир толкувањето на пошироките политички, културни, општествени последици од тоа решение. Истовремено, пораката е дека одржливиот град пред се' треба да биде отворен, политички, демократски простор за слободно застапување, изразување и меѓусебна соработка,  а во спротивно, екологија и одржливиот развој станувaат репресивна идеологија. [12]

**Митови за оржливиот развој**

Појдовната точка на овој текст, како и на целиот проект Act4City е дека промената во градовите е неопходна. Двете клучни прашања се: каква промена е потребна и како може да дојде до промена. За двете прашања пред се е важно да се разгледа кој и на каков начин учествува во одлучувањето за тоа каква промена да се иницира. Постои една слика на општество во која комплетната моќ ја поседуваат политичари и крупни капиталисти, домашни и странски, и се е во нивни раце.

Улогата на активистите, експертите, уметниците е да допрат некако до овие места на одлучување и да ги протуркаат своите идеи. Без обзир на тоа дали е ова вистина или не, ова е една многу проблематична слика на политиката како некој проточен бојлер, и на политичарите како вентили кои одлучуваат што ќе помина, а што не. Во таквата слика се занемаруваат бројни други канали, начини и простори на интервенција, и се создава клиентелистички однос помеѓу заговорачот на промените и носителот на одлуката, додека истовремено сите други актери се тргаат од сликата. Како што веќе беше споменато, за дојде до некое двожење кое може да влијае на носењето на одлука, неопходно е да се сменат постоечките односи во општеството, да се создадат нови навики на размислување и делување, и да се изградат нови простори и начини на заедничко толкување и акции. Така што, промената не треба да се случи само на релацијата експерти-политичари, туки и во многу покомлексната мрежа на односи.

Во таа промена, важна улога имаат токму активисите, граѓаните, истражувачите, новинарите и разни други чинители во општеството. Така, она што тие го мислат, веруваат и работат е од големо значење. Постојат разини знаења и верувања кои можат да бидат охрабрувачки и засилувачки, како и такви кои можат да бидат инхибирачки и да одвратат некого од понатамошни залагања. Во овој дел ќе се задржиме токму на некои верувања и ставови на оние кои се залагаат за поинакви градови; на верувања кои нагласуваат дека се важни за остварување на одржив град, но кои истовремено ги оддалечуваат градовите од политичкиот простор – простор за несогласување, разнолик живот и поодговорна политика. Многу од митовите[13] кои овде ќе ги дискутираме, се

12 Жижек и Баѓу сугерирале дека екологијата претставува нов опиум за масите. Види повеќе во: Slavoj Žižek: Ecology – A New Opium for the Masses, Nextnature.net, 2009. Dostupno na: https://www.nextnature.net/2009/02/ecology-a-new-opium-for-the-masses/

13 Начинот на кој поимот мит ќе се користи тука не имплицира дека митот нужно претставува невистина (иако тој е тоа). Вскушност, тука вистинитоста не е клучна категорија. Клучно е да се верува во нешто како во вистина

присутни во работата и јавниот говор на значаен број активистички организации кои учествувале во многубројни активисти од проектот Act4City. За некои од нив научните заедници од различни области веќе подолго време пишуваат и зборуваат за тоа каде постои тој спој, а читателите се упатуваат на изворите. Меѓутоа, овие митови не се научни наоди нити овде се изнесуваат било какви егзактни тврдења за зачестеноста и распространетоста на овие верувања. Повеќе се работи за многу селективно излагање за проблемите на моменталното мислење на урбаната, еколошка политика. На читателите им се препушта самите да проценат кои митови ќе ги сметаат за функционални и релевантни, а кои не.

*Па ова е страшно!*

Митот кој го обезбедува погонското гориво за целиот проект на развој е митот за скорешниот крај. Апокалиптичните датуми кои се најавуваат на неколку години, вознемирувачки слики од опустошени шуми, озеленети глечери и сушни предели, тврдења за „крај на цивилизацијата каква што ја познаваме“ и дистописки претстави за иднината се’ повеќе не’ опкружуваат, од кино екраните, од популарно-научните списанија, од вести, од виралните мејлови и од блоговите. Од сите страни се порачува, ако ништо не превземеме, не’ чека неизбежен и брз крај. Во вонредната ситуација која се креира, немаме време и можност за разговори, мислења, лични погледи и филозофирања. Единствената можност е интервенција од горе и послушност од долу. Децата се учат да купуваат рециклирано и органско, се даваат поволни кредити за соларни панели и субвенции за електрични автомобили – конзумерски пракси обоени во зелено. Се прават низа маргинални напори кои треба да овозможат да се смири светот, а стравот да не ја премине границата во која се крева сериозна побуна.

Меѓутоа, треба да се знае дека управувањето со стравот е една од клучните современи стратегии на владеење.[14] Во таквата политичка игра, искрената загриженост се користи за производство на страв и сервилност, а потребата за темелно толкување на комплексните прашања за цивилизациското уредување се одложуваат за времето после кризата. Позади сцената на која се одвива еколошка драма која со ужас и чувство на беспомошност ја набљудуваме, работите се одвиваат непроменето.

*Да не се тие, би ни било подобро...*

Покрај стравовите од природни непогоди, клучните стравови доаѓаат од други кои се дефинираат како културолошки страни. Во пост-ладновоениот период, наместо комунисти, улогата на страшните гусари сега ја играат арапи,

---

и своето мислење и делување да го оформи врз основа на тоа. Митот е творечки без разлика на тоа какви се аргументите во негова корист (не)вистинитост на излагањата (иако аргументите се секогаш добредојдени). Она што тука ќе се амализира се јасните политички, етички и еколошки последици од тоа верување.

[14] Повеќе за улогата на стравот, ризикот и заштитата на современата политика види, помеѓу останатото во: Isabell Lorey: State of insecurity: Government of the precarious, London, Verso Books, 2015.

муслимани, мексиканци, кинези, индуси, пољаци, срби, албанци, селани и брѓани, неуки, мрзливи и неработници и други „проблематични групации“, како и во зависност од геополитичката позиција на оние кои упатуваат на опасноста. Тие подметнуваат бомби, крадат, земаат работа или социјална помош и на други начини го загрозуваат чувството на сигурност на граѓаните. По правилото, сите тие, кои и да се, го попречуваат и оневозможуваат државниот развој. Со децении се зборувало за проблемот за популацискиот раст. Да не се кинезите, индијците и другите главно азиски и афрички народи би биле помалку на планетата, па би било полесно – гласеше аргументот. Сега кога се успори популацискиот раст, се сугерира дека проблемот е во тоа што истите тие земји сега не се однесувале еколошки, трошеле многу бетон, ги сечеле нивните шуми и ја загадувале планетата (иако знаеме дека загаувањето по глава на жител е директно пропорцинално на богатството на едно општество). На планот на економскиот развој, се тврди дека западните економии би биле постабилни, а државите би биле посилни кога би немале таков несопирлив прилив на мигранти кои крадат работа, не плаќаат даноци и работат на црно. На овие аргументи, секогаш како зачин се додава и некаква некултурност и цивилизациска заостанатост и грешност.

Како во случајот со $CO_2$, државите и корпорациите истовремено произведуваат проблеми и се предлагаат себеси како заштитници. Тоа во основа е популистички дискурс кој истовремено го обединува народот, ги гуши сите разлики и несогласувања и го посочува надворешниот непријател како извор на проблемот и со самото тоа го легитимира како мета. Клучната задача е одговорноста за производство на вистинскиот проблем да се прикрие и да се легитимира узурпацијата на моќта и употребата на сила. Заради тоа е важно критички да се посматраат прашањата кои се промовираат, како и решенијата и заштитите кои се предлагаат, уште повеќе заради тоа што заштитите најчесто имаат за последица стеснување на граѓанските слободи. Доколку стравот е капиталот со кој се одржува *status quo*, тогаш производството на страв не смее на биде цел на оние кои навистина сакаат промена.

*За се се криви нашите неуки политичари!*

Прашањата за развојот по правило се доживуваат како хипер-комплексни. Тоа истовремено значи дека со нив мора да се занимаваат само оние кои можат да ја разберат и протолкуваат комплексната стварност. Истовремено, постои верување дека таа клучна способност не ја поседуваат баш оние кои ги носат најважните одлуки, па нивното знаење така станува главна пречка за одржливиот развој. Во нашето опкружување, најлутата замерка која се упатува на политичарите е токму таа дека се нестручни, неуки и неупатени. Она што се сугерира со тоа е дека со повеќе знаење тие би носеле одлуки кои се подобри за сите нас. Доколку малку подобро ја погледнеме стварноста, ова не само што е наивно очекување, туку и многу невтемелено историски, а во меѓувреме праксата на водење на политиката се нема променето. Проблемот на злоупотреба на политичката моќ не е од недостаток на експертиза, туку од недостаток на транспарентност, разни манипулации, корумпираност, слабост на

цивилниот сектор и медиумите и се друго што доведува до обесмислување на јавниот интерес и присвојување на јавното добро.

*Експертите треба да се прашаат!*

На патот кон пост-политичкото општество, општество во кое не се вреднува јавното добро и јавната дебата, важна улога играат и они од кои неретко најмногу се очекува да ја пораваат работата – експертите. Овде се работи за широко распространет мит дека експертите можат и знаат како да го решат проблемот (од било кој вид) само доколку им се дадат одврзани раце тоа да го направат. Еко-експертите во последната деценија добија статус на ѕвезди. Претставени се како спасители кои одат низ длабоките шуми и далечните глечери, како нови херои кои бестрашно се борат за општиот интерес. Меѓутоа, со нивното воздигнување во јавноста истовремено се произведуваат некои многу штетни последици. Најнапред, нивната посебност во поглед на знаењето и храброста поставуваат наоди со кои доаѓаат на тронот на непрекосновеноста.

Како второ, размислувањата и дејствувањата „на обичните граѓани“ се обезвреднуваат и тие се обесхрабруваат воошто да мислат за прашањата кои се толку комплексни, како на пример климатските промени за кои и најсилните суперкомпјутери на светот не се доволно стручни.

Како трето, се создава впечаток дека општеството ги поддржува и наградува таквите напори, што е доволно само по себе. Меѓутоа, наодите и препораките на тие експерти најчесто не се усвојуваат или се усвојуваат многу селективно, а со податоците се манипулира заради остварување на некои партикуларни интереси. И други експерти од доменот на одржлив развој завземаат слична позиција. Економистите држат монопол на толкувањата на сите економски прашања. Економијата веќе подолго се претставува како премногу комплексна за да граѓанството би се занимавало со економските политики. Граѓаните се тука за да го платат данокот и да земат кредит, ако економистите така им препорачаат. [15] Урбанистите можат и носат планови за развој на градот кои долгорочно им годат на големите инвеститори, правдајќи се со тоа дека градот е комплексен организам и дека одредени одлуки имаат смисла само ако се разбере најшироката слика. И други струки (социолози, психолози, архитекти, градежници...) во своите домени остручуваат прашања и приватизираат одредени теми: нивните наоди, иако можат да бидат многу добри и корисни, со себе носат опасност, од една страна, злоупотреба, а од друга замолчување на широката јавна расправа за темите со кои се занимаваат. Тесно-стручниот, партикуларен поглед на општеството и јавното добро, колку и да е продлабочено во рамки на еден домен на еспертиза, не ја препознава разноликоста и сеопфатноста на структурните проблеми и промовира еднодимензионални решенија.

[15] Не треба да се заборави дека во сите кризи многу важна улога одиграле банкарите кои со легимитетот на економисти им препоралувале на граѓаните да земаат кредити иако за ив тоа не било препорачливо.

Заради овие проблеми, важно е проблематиката на управување со општеството да ја посматраме не само како експертско прашање на заштита на животинските и растителните врсти, производството на енергија и рециклажа, управувањето со каматните стапки, просторното планирање, градежништво и уредување на закони, туку како прашање за заедничкиот живот на луѓето, машините, растенијата, животните и неживата материја на планетата. Со самото тоа, како прашање кое бара одговори кои можат да ги понудат многу пошироките кругови  не само на стручњаци и интелектуалци, туку и граѓани и граѓанки без оглед на нивната компетенција. Ова не значи отфрлање на експертизата и величањето на „мудроста на масите“[16], туку одбрана на јавниот интерес и просторот за јавна дебата од затварање во тесни кругови на експерти од било која специјалност.

*А всушност, сите ние го сакаме истото...*

Суштината на пост-политичноста, е отстранување на конфликтите како некакви старудии, како некое несакано наследство на тмурното минато во кое сеуште постоеле класи, идеологии и други „непотребни глупости“.[17] Новите политички елити не’ уверуваат дека е време да одиме понатаму. Не чека светот на одржлив развој во кој нема потреба за конфликти, зошто сите ние длабоко во себе го сакаме истото:  се она што на нормалниот човек му е потребно. Како што стана збор и предходно, одржливиот развој стигна токму како решение за општествените судири на ниво на држави и глобално. Заради тој дискурс одржливиот развој особено промовира поедноставување и шематизирање слики на Природата во еднина и Човештвото – исто така во еднина.  Во такви дискурси, Човештвото претставува хомогена маса на поединци кои, иако се спорат, тоа го прават само околу површни феномени. Постои верување, дека сите ние луѓето, околу суштинските работи, всушност се сложуваме. Кои се тие работи, ретко се зборува, како што ретко се споменуваат особено различните алтернативи на живеење, уредување на заедниците и движењата кон Природата.[18] На тој начин континуирано се стеснуваат можностите за промена на општествените односи и распределбата на моќта. Без обзир на кој начин „ние“ како хомогена група се конструираме - дали сме сите “луѓе“ или жртви на некого или нешто  на што не можеме да влијаеме („моќници“, „виши сили“, или нешто трето) - секој говор кој сугерира дека всушност сме сите исти е опасен бидејќи го затвара просторот за разговор и изнаоѓање нови увиди и решенија. Со тоа јавниот простор им се препушта на оние кои имаат најмногу моќ, а

16 Мудроста на масите се поврзува со  Web 2.0 движењето кое од интернет корисниците всушност прави неплатени рработници. За повеќе види: Giles: Wisdom of the Crowd. *Nature*, 2005. Za kritiku: Coleman, S., & Blumler, J. G.: The wisdom of which crowd? On the pathology of a listening government. *The Political Quarterly*, *82*(2011).

17 Тука поимот пост-политички е важен и детално го обработувале, како на пример Chantal Mouffe: On the political. Psychology Press, 2005 Или Jacque Rancière, Hatred of democracy, London, Verso, 2006.

18 Некои автори би спомемале и комплето бришење на границите помеѓу природата и културата и предлагаат деколоницијa на природата како објект за спознавање, контрола и обликување. Види повеќе во: Demos, T. J.: "Decolonizing Nature: Contemporary Art and the Politics of Ecology." *Critique d’art, Livres par auteur*, 2016.
Тука поимот пост-политички е важен и детално го обработувале, како на пример Chantal Mouffe: On the political. Psychology Press, 2005.

потребата за другите всушност и нема, бидејќи „еден човек што зборува, сите луѓе го мислат“.[19]

*Нашите граѓани да бидат малку поактивни...*

Помеѓу оние кои заговараат промени во градовите, освен жалење на политичарите и лошата позиција на експертите, многу често мислење е дека ниту граѓаните не се дораснати на задачата за одржлив развој. Со други зборови, постои во голема мера врежан мит дека граѓаните се летаргични, пасивни и неспремни да се раздвижат. Како вообичаен кривец за тоа се наведува „недостиг на свест“ кај нив. Како прво, важно е да се увиди дека тоа што граѓаните не сакаат да се кренат кон некоја цел, не значи дека се летаргични и немоќни да се кренат воопшто. Таквото размислување ги подрива можностите за било каква промена. Што и да мислиме ние во таа насока, ситуацијата е особено поинаква, клучното прашање е како вниманието да се насочи кон одредена тема, како да се привлечат медиумите, граѓанските иницијативи и органиизации. Веќе не е прашање на будење на некоја заспана маса – тоа навистина се чини невозможни – туку ширењето на фронтот на борба, заедничко делување, соработка и слично. Многу е индикативно што бројни еколошки, младински и активистички организации кои се створени во новите бранови на развој на цивилното друштво во деведесетите и двеиљадитите на просторот на бивша Југославија, не соработуваат со бројните организации на аматери, синдикати, извиѓачи, планинари и други кои се основани неколку децении порано, а кои сеуште имаат членство, вредно искуство и некои ресурси кои би можеле да бидат здружени (ова веројатно би можело да се доведе во врска со наредниот мит дека овде е се заостанато и такво било отсекогаш). Важно е да се отфрли дискурсот за летаргичноста на граѓаните како универзален закон, да се забележат различните граѓански иницијативи и активности и да се отвори можноста за поширок ангажман по прашањето за борбата за градот.

*Еве, види, колку е прекрасно по светот!*

Во нашиот регион, постои уште еден мит кој е вреден за следење одблизу. Најчесто во потрагата добите пракси во урбанизмот, заштитата, архитектурата, енергетиката, екологијата и другите области од значење за развојот се гледа кон Западот. Постои чувство дека се што е добро, па со самото тоа и одржливо, доаѓа од Западот. Доколку знаеме дека и инаку од истиот правец ни доаѓаат и технологиите, теориите и „добрите пракси“ од разните области, тоа не треба да чуди. Сепак, она што е чудно е што тие земји всушност ги смислиле најопаките технологии  и понатаму се најголемите глобални загадувачи, а што е уште поважно, во тие земји се носат клучните одлуки за целиот глобален систем на крајно неодржлив развој. Во таа насока, следејќи моногу пракси од Западот, нема далеку да стигнеме. Освен тоа, југословенското наследство е многу

---

[19] Позната кратенка на Маргарет Тачер со која ги опишувала своите политички уверувања и активности: ТИНА, што во превод значи „Не постојат алтернативи“ (There Is No Alternative), со која всушност се сугерира дека еден, актуелен начин на мислење и делување е единствено возможен.

интересно од аспект на одржливиот развој. Тогашната градба на колективно живеење која денес ја гледаме со презир беше во чекор со најновите светски трендови, а решенијата биле производ на локалните мислења.

Веќе во текот на шеесетите и седумдесетите организирани се десетици интерсекторски конгреси кои се занимавале со темата екологија, јавно здравје и зачувување на природната средина, а бројни организации горани, младинци, планинари и други заговараа промена на односот со природата. Веќе во петогодишниот план од 1971 се спомнува зачувувањето на природната средина, а 1973 се основа Југословенски совет за заштита и унапредување на човековата околина и се стартува со интердисциплинарено стручно и научно списание „Човекот и животната средина“. На иницијатива на Советот во Уставот од 1974 се најде правото на секој граѓанин на здраво опкружување што децении покасно претставува темел за одржлив и одговорен развој на светските декларации на таа тема. Значи, постојат многу причини во потрагата по добро решение за одржлив развој да се тргне токму гледајќи од сопствената традиција.[20]

Оттаму е многу необично што доаѓањето во природа го нарекуваме „hiking“ и го врзуваме за новите трендови во еко-туризмот на Западот доколку знаеме за богатата традиција на планинарите, гораните, извидници; да заговараме нови пракси “open-air classrooms“ кои доаѓаат од „еколошки свесните“ заедници, доколку знаеме дека сите училишта во Југославија систематски ги водеа децата во училиште и природа; да за партиципативните пристапи кон политиката и менаџментот за одржлив развој ги посматраме примерите од Велика Британија или САД, доколку знаеме за примерите на самоуправување, месни заедници, добро организирани синдикати; конечно да за примери на граѓански активизам и волотеризам гледаме повторно на иста страна, а ја занемаруваме традицијата на работни акции и други форми на ангажирање на нашето население во градењето на јавните добра.

Далеку од тоа дека јавните политики во Југославија биле совршени и дека во потполност се применувале, но постоеше правна рамка и бројни добри пракси на кои сега се угледуваме некаде на друго место.[21] Исто така, постоењето на локално наследство не значи ни дека треба да се затвараме во сопствениот двор – средбите на идеи и пристапи е клучен за создавањето на нови. Сепак, свеста за тоа дека поинаквите политики биле возможни на ова подрачје, е важна бидејќи ја подрива на големо штетната идеа дека сегашната

[20] Види повеќе во: Zoran Oštrić, Ekološki pokreti u Jugoslaviji, Građa za proučavanje razdoblja 1971-1991. U Sociološka ekologija (83-104), 1992.
[30] Види повеќе во Jelena Ristić Trajković i Danica Stojiljković: Sustainability and socialism: socio-ecological ideas in the urbanization of New Belgrade. *Facta Universitatis, Series: Architecture and Civil Engineering*, (343-353), 2016.

[21] Интересен е примерот на крајбрежјето кој и сега е тема во Грна Гора и Хрватска. Многу функционери во педесетите и шеесетите години ги граделе првите викендички во пустите плажи, но критиката не изостанала. На една од посетите на Црна Гора, Тито ги прекорувал локалните власти: “I [must] unremittingly scold [you] because of the building of *vikendice* along the sea [...] It’s not right, because some fence in the sea, one can’t see the sea for all the houses. That’s how one destroys nature, ruins man’s natural environment.” “Titovi pogledi na turizam,” *Turizam* 28/5 (1980), p. 12. Više na temu vikendica: Karin Taylor My Own *Vikendica*: Holiday Cottages as Idyll and Investment (str. 171). In Yugoslavia’s sunny side, Central European University Press Budapest, 2010.

„заостанатост“ е единствен можен начин и дека промена не е возможна. Наместо обесхрабрување, повик на локалната традиција би можело да ја поттикне пошироката јавност и политичарите поодговорно да се однесуваат.

*Барем нешто убаво да ни се случи.*

Митовите на кои укажавме претходно, сите заедно создаваат многу непријатна слика за актуелната состојба и можноста за нејзина промена. Се’ е страшно, оние кои не водат не знаат каде, овде ништо добро не се случува бидејќи сме надвор од светските случувања... Теренот е спремен за потполно разочарување. Во таков контекст, тривијалните акции, проекти и иницијативи се чинат како добар обид барем нешто да се направи. Тоа е она што би можеле да го наречеме фластер-политика. Навистина потребните мерки не се усвојуваат. Наместо нив, се пропагираат еколошки слогани, компаниите ги менуваат своите лога во зелено, се наплаќаат кесите во маркетите, се воведуваат денови без автомобили, се раззеленуваат кровови на шопинг молови... Сите тие се фластери на длабоките рани и скршениците кои не го решаваат проблемот, само создаваат чувство дека нешто сепак се прави. Истовремено, процесите на поозбилна рефлексија, анализа, дебата и промени се одложуваат за некое подобро утре.

**За одржливите градови – препораки за носителите на одлуките и независните актери**

Во финалниот дел на овој текст ќе понудиме препораки за различните актери (носители на одлуки, организации и области од културата и уметноста, научно образовни организации и донатори), а врз основа на искуствата пилотирани во текот на траењето на проектот Act4City.

***А.*** **Претставници на властите/носители на одлуки**

Во контекст на гореспоменатите сваќања за одржлив град и улогата на културните актери од овој домен, проектот Act4City формулираше седум клучни насоки за носителите на одлуките кои управуваат со развојот на градовите и со распределбата на јавните ресурси во нив:

1. Прашањето за развојот на градовите се комплексни и важно е во трагањето по одговорите за нив да учествуваат разнолики групи и поединци за да би се собрале поширок дијапазон на знаења. Затоа работните тела и комисии треба да бидат интердисциплинарни, отворени, динамични и во клучните фази да собираат што поширок спектар на согледувања, со што би се дошло до најдобрите решенија.
2. Интерресорната соработка е клучна во политиката на одржлив развој. Затоа е важно учеството на актери од областа на културата и уметноста во широкиот дијапазон на прашања од важност за градот. како што се: урбанизам, образование, економија, а исто така и за прашањата од културата и уметноста ангажирани во политиките на градот треба да се вклучат и други струки-планери, инжењери за заштита на животната средина, економисти, педагози, социјални работници и други.
3. Одржливиот град е град во кој различните актери можат да ги изразат своите потреби, интереси и решенија, па затоа е важно да се прави простор за поширок круг на консултации, средби и разговори при процесот на носење одлуки. Јавните расправи не смеат да бидат последниот чекор пред усвојување на некое решение, а проектите кои се одобруваат и спроведуваат со јавни средства мора да бидат транспаренти и образложени.
4. Треба да се поттикнуваат цивилните организации и установи од областа на културата и уметноста но и пошироко, да ги следат процесите на носење одлуки и да бидат вклучени во нив така што своите програми, активности и интервенции ќе се насочат во правец на осветлување на актуелните прашања кои се значајни за граѓанките и граѓаните.
5. Културните политики на градовите и механизмите на финансирање на организации и установи од областа на културата, треба да поттикнуваат создавање на кутурни содржини и пракси кои поставуваат актуелни прашања од значење за урбаната одржливост, нудат можни одговори и поинакви начини на гледање на квалитетот на живеење, односот кон природата, општествените позиции и економските политики.

6. Исто така, кутурните политики треба да ги формулираат механизмите на поддршка на организациите од областа на културата и уметноста при соработката со другите сектори, како и посебно да ги вреднуваат експериментите кои водат кон нови решенија за градот.
7. Потребно е континуирано да се градат капацитетите на установите и независните актери во културата кои се занимаваат со прашањата за одржливи градови и граѓански активизам. Важно е механизмите на финансирање да не ги поддржуваат само партикуларните краткорочни проекти, туку и долгорочните програми и простори за средби.

### *В. Независни актери во културата*

При барањето на простор за активните граѓани-ки и независните актери кои се влучени во проектот Act4City се држеше до идеата дека е важно проблематиката на управување со општеството да не ја посматраме само како експертско прашање на заштита на животинските и растителни врсти, производство на енергија и рециклажа, управување со каматните стапки, просторното планирање, градежништвото и уредувањето на законите, туку како прашање од заедничкиот живот на луѓето, машините, растенијата, животните и неживата материја на планетата. Токму во толкувањето на овие односи и прашања на организација во културата и уметноста можат да се даде важен допринос на следните начини:

1. Во борбата за одржлив град, актерите од културата треба да ја проблематизираат идеата на културата како изолирано, неприкосновено и општо добро, и да настојуваат културните содржини да понудат одговори на актуелните прашања од значење за јавноста и да понудат подруг начин на гледање на стварноста, односот на културата и природата, и квалитетот на живеење од најдостапните глобални или традиционалните културни содржини. Затоа е важно овие актери да ги следат јавните дебати и да понудат простор за алтернатива, активно учество на граѓани-ки од различни профили и изразување на различни мислења и позиции.
2. Независните актери во културата се почесто се на првата линија на експериментот во доменот на новите облици на политичност. Како што се многуте простори за ангажираност и политичност се’ постеснети, актерите од областа на културата и уметноста треба да ја користат својата општествена позиција за создавање на микро простори на политичност за граѓаните и граѓанките преку ангажирање на уметнички содржини, учество на граѓани-ки во процесите на продукција на културни содржини и интервенции во јавниот простор.
3. Борбата за одржлив град мора да биде интерсекторска и интерресорна, па за тоа се неопходни простори за дијалог и заедничко толкување на алтернативите за развој на градовите со граѓаните-ките, политичарите, еколозите, економистите и другите струки. Ова не значи отфрлање на специфичните експертизи, туку одбрана на јавниот интерес и просторот

за јавна дебата од затварање во тесни кругови на експерти од било која специјалност.

4. Во дебатите за одржлив град актерите од областа на културата и уметноста треба да ги прошират географските и временските одредници на трагање по политиките на одржливост надвор од современите западни општества, и да истражуваат и да го внесат во јавниот простор наследството од југословенскиот период како и еколошките, социјалните, и економските политики од воневропските простори како возможна инспирација.
5. Во заговарањето транспарентни и одговорни јавни политики, независните организации треба и самите да допринесат за климата во јавноста и транспарентноста, така што за сите свои извори и начини на прибирање средства, тие ќе бидат поотворени.

***С. Донатори***

Странските донатори се важен фактор за поттикнување не само на поедини проекти туку и одржување на цели организации на чијашто работа нивните агенди имаат големо влијание. Заради тоа:

1. Странските донатори би требало да бидат посензитивни на специфичностите на националните и локалните простори, како и да ги поддржуваат и јакнат иницијативите кои веќе постојат. Донаторските политики би требало да создадат точка на соработка помеѓу еколошките организации од времето на Југославија (планинарски друштва, горани, горски служби, младински движења) и новоформираните невладини организации од доменот на екологијата, урбаниот развој, културата.
2. Со оглед на тоа што прашањето за одржлив развој се однесува на еколошките, економските, социјалните, културните и другите политики, како и на интегралниот пристап кон јавните политики, донаторските политики и механизмите на поддршка би требало да поттикнат интерсекторска и интерресорна соработка, средби на различни експертизи, како и граѓанска експертиза во иницијативите и решенијата за одржлив град.
3. Донаторските политики и механизми на поддршка би требало да поттикнуваат мејнстриминг на одржливиот развој како приоритет во сите области од јавното планирање и развојот на градовите: економските, социјалните, урбанистичките, еколошките, образовните, културните и други политики.
4. За толкување на иницијативите и доаѓање до специфични решенија и промени во управувањето со градот кон одржлив град, неопходно е донаторските политики да ја препознаат важноста на проектите и иницијативите кои имаат експериментална и пионерска компонента, и кои пилотираат пракси и процеси кои потенцијално, долгорочно можат да бидат системски решенија.

5. Во поттикнувањето на актерите кои се занимаваат со одржливиот град и ангажирањето на граѓани-ки, важно е донаторите покрај експериментот и проектното финансирање да ја препознаат неопходноста за поддршка на подолгорочните програми и јавните простори кои осигуруваат континуитет на дејствување за јавното добро.
6. Конечно, за да се иновираат праксите за управување со градот, неопходно е донаторските политики, освен поттикнувачките делувања и пракси, да ја препознаат важноста на деталните и сеопфатните истражувања на досегашните пракси, со кои се доаѓа до препораките за идно делување и политики засновани на факти.

### *C. Научно-образование институции и организации*

Како организации кои се насочени кон создавање на нови и тековно постоечки знаења, начини, и образовните институции, тие играат важна улога не само во создавањето одговорни и свесни стручњаци, туку и во обликувањето на јавните дебати на одредени теми. Оттаму, важно е овие установи да допринесат кон одржливоста на градовите на следните начини:

1. Во образовните програми интердисциплинарните погледи на прашањата за развој на градот мора да бидат поприсутни. Без оглед дали овие установи остручуваат архитекти, урбанисти, еколози, социолози, уметници, новинари или економисти, важно е сите струки да бидат запознати со клучните доприноси на нивната струка за прашањата на одржливост како и за клучните погледи на другите струки на истите прашања. Затоа, се предлагаат интердисциплинарни семинари, работилници, летни и зимски кампови и други курикуларни и екстракурикуларни содржини кои се посветени на прашањата на одржлив развој на градот.
2. Во истражувањата на тема одржлив развој, од извонредно значење е во потрагата по решението, да не се изостават прашањата за причините за проблемите, историјата на развојот на идеи и општествените и политичките односи кои стојат зад некои идеи, а со што решението не би било козметичко и не би допринесувало до долгорочно одржување на *statusa quo.*
3. Југословенското и светското (не-европско) наследство и искуство од областа на одржливиот развој мора да заземе поистакнато место во истражувањата и образовните програми, бидејќи претставува вонредно вредно искуство во потрагата за решение за одржливиот развој, како и негативните последици на некои применети решенија кои се помалку видливи во најразвиените земји.

**ACT4CITY - Independent cultural actors towards sustainable Balkan cities** е проект кој промовира пристап на одржливост на градовите преку заеднички едукативни, уметнички и активности на јавно застапување. Проектот го реализираат Експедицио, Котор, МЕ; Министерство за простор, Белград, РС; Градска Креативна Мрежа, Скопје, МК; Уметничка работилница Лазарети, Дубровник, ХР. The project ACT4CITY is funded by **Balkan Arts and Culture Fund BAC**. BAC is supported by the Swiss Government through the **Swiss Agency for Development and Cooperation (SDC)** and the **European Cultural Foundation (EFC)**.